РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 09-1381/4
18-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 43-тата седница, одржано на ден 11 декември 2020 година, донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата го запира постапувањето по предметот со број 09-1381/1 од 12.03.2019 година, бидејќи нема елементи што укажуваат на злоупотреба при постапка за вработување на лицата ---------------- и -----------------, во ЈЗУ -------------- на работно место физиотерапевтски техничар. Во конкретниот случај искористено е дискреционо право на директорот на ----------------, при вработување на наведените лица.

Предметот со број 09-1381/1 од 12.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1381/1 од 12.03.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи дека по повторен Јавен оглас во Клиничката болница -------- биле примени кандидатите ------------- и ------------- работно место физиотерапевтски техничар, под директно влијание на лицата -------------- – директор на -------------- при Министерството за правда и лицето --------------, Градоначалник на Општина -------------.

Државната комисија се обрати до ЈЗУ Клиничка Болница – -------------, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба по конкретниот предмет. Беа побарани следниве документи: целокупната постапка за повторно објавен Јавен Оглас со бр. ---------, од --------- година, за вработување на здравствени работници за работно место под реден број 4 – Физиотерапевтски техничар.

Од увидот во документацијата, Државната комисија ги утврди следниве состојби:

Лицата ------------- и ----------- се вработени во ЈЗУ Клиничка Болница – ----------- по повторно објавен Јавен Оглас со бр. --------------- од ------------- година на работено место - физиотерапевтски техничар. Јавниот оглас бил објавен во два дневни весници: „Слободен печат" и „Коха". За спроведениот Оглас е формирана комисија за селекција на кандидати со Одлука бр.--------- од ------------- година. Комисијата за селекција ги разгледала доставените пријави за сите работни места по Јавниот оглас, меѓу кои и за пријавите за работно место физиотерапевтски техничар за кое се барале осум извршители, а биле пријавени 58 кандидати. Понатаму Комисијата за селекција констатирала дека за работното место физиотерапевтски техничар, од вкупно 58 пријавени кандидати, пет кандидати не ги исполниле условите, додека останатите кандидати доставиле уредна документација. Комисијата за селекција составила ранг листа на кандидати кои конкурирале на Јавен оглас за прием на физиотерапевтски техничар со бр. ------------ од ------------- година. Со Одлука за Избор на кандидати по повторно објавен Јавен оглас со бр. ----------- од ------------ година, директорот на ЈЗУ Клиничка Болница – -----------, врз основа на предложената ранг листа од страна на комисијата за селекција за вработување на неопределено време за работно место физиотерапевтски техничар (осум извршители) ги избрал: --------------- (рангиран на трето место), --------------- ( рангиран на шесто место), ------------- ( рангирана на осмо место), ----------------**( рангиран на 11-то место)**, ------------- ( рангирана на девето место), -----------------( рангиран на 14-то место), ------------- ( рангиран на 19-то место) и --------------- **(рангирана на 24-то место).** Оваа одлука, раководното лице ја донело согласно член 161 од Законот за здравствена заштита, член 14 став 1, член 21, 22, 23 и член 27 од Законот за работни односи и Одобрение од Министерство за финансии бр- -------------- од ------------- година. Според член 161, став 1 од Законот за здравствена заштита, раководниот орган на здравствената установа има дискреционо право да изврши избор на било кои од предложениете кандидати, **кои ги исполнуваат условите по огласот**, без оглед на рангирањето кое е доставено од Комисијата за селекција.

Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, одлучувала по жалба изјавена против Одлуката за Избор на кандидати по повторно објавен Јавен оглас со бр. ------------ од ------------ година, доставена од страна на лицето -------------од с. --------------, Општина -------------, при што донела Решение со кое ја одбило жалбата како неоснована, утврдувајќи дека директорот на ЈЗУ Клиничка Болница – -------------, постапил во рамките на своите ингеренции и овластувања кои му се утврдени согласно закон.

Овие слабости, што доведуваат до состојба на сомнеж за судир на интереси, односно влијание при спроведување на постапки за вработување се веќе констатирани од страна на Државната комисија при постапување по други предмети како и по предмети оформени по наводи за неуредени и лошо спроведените постапки за вработување. Врз основа на овие наоди

дадени се забелешки при вршење на антикорупциска проверка на легислативата на одредени закони во областа вработување како и во Националната стратегија за превенција на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2020-2024.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска